# ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ОПЕРАТИВНИОТ ПЛАН НА АКТИВНОСТИ
# НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
# ВО 2018 ГОДИНА

| I. БЕЗБЕДНОСНА ОРГАНИЗАЦИЈА, ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ЛЕГИСЛАТИВА | | |
|---|---|---|
| **Цел 1: Унапредување на организацијата на работата во Дирекцијата преку воспоставување на потребната безбедносна структура за совладување на приливот на странски класифицирани информации и кадровско зајакнување.** | | |
| АКТИВНОСТИ: | | |
| **Активност 1:** Примена на зајакната кадровска политика во Дирекцијата со примена на соодветен систем на неопходната и предвидената обука за административните службеници, како и специјализирани обуки во делот на безбедносната политика и инспекцискиот надзор. | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А/I | **Соработува:**<br>Сектор Б и В |
| **Забелешка:**<br>Пополнување на работни места со соодветен кадар и усовршување на постојниот со соодветни обуки. | | |
| **Активност 2:** Обезбедување на безбедносните стандарди за ракување со класифицирани информации во оние државни органи, институции, јавни и приватни компании каде за тоа ќе биде согледана потреба | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор Б | **Соработува:**<br>Сектор А и В |
| **Забелешка:** Одредување овластени лица од страна на државните органи, институции, јавните и приватните компании во согласност со утврдените потреби и нивно соодветно обучување. | | |
| **Активност 3:** Давање стручна помош на барање на корисниците на класифицирани информации | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектори А, Б и В | **Соработува:**<br>Со институции за кои Дирекцијата утврдила дека имаат потреба од стручна |

| | | |
|---|---|---|
| | | помош во областа на заштита на КИ како и со институции кои пројавиле интерес за добивање таква помош |
| **Забелешка:** Стручната помош опфаќа давање мислења за закони, билатерални договори и меморандуми за соработка, правилници, упатства, интерни акти и други акти доставени од државните органи и институции, консултации и слично. | | |
| **Цел 2: Донесување нови акти и изменување на постојната легислатива заради усогласување со релевантните закони што уредуваат прашања од доменот на организацијата и функционирањето на органите на државната управа и прашања што спаѓаат во доменот на компетенциите на Дирекцијата** | | |
| АКТИВНОСТИ: | | |
| **Активност 1:** Изработка на компаративни прегледи на националното законодавство за безбедност на класифицирани информации со странски правни решенија | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектори А, Б и В, ОУРЧР | **Соработува:** |
| **Забелешка:** / | | |
| **Активност 2:** Изработка на предлог- Закон за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А/I | **Соработува:**<br>МО, МИОА, СЗ |
| **Забелешка:** Процесот на изработка и донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации ќе оди по фазите и динамиката за транспонирање на ЕУ законодавството, согласно приоритетите на Владата за хармонизација на националното законодавство со acquis на ЕУ. | | |
| **Активност 3:** Соработка со носителите на криптозаштитата во Република Македонија преку учество во активностите за донесување нова Уредба за криптозаштита | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Временска рамка:**<br>јануари – јуни 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор В | **Соработува:**<br>Сектор А/I |
| **Забелешка:**<br>Со измените и дополнувањата на Законот за класифицирани информации во доменот на информатичката безбедност ќе се создаде потребната законска рамка за донесување нова Уредба за криптозаштита.<br>Изработката на предлог-текстот на Уредбата за криптозаштита е во рацете на меѓуинституционална работна група којашто ја предводи Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации. | | |
| **Активност 4:** Изработка на помошни документи за стандардите од сите аспекти на безбедност на класифицирани информации | | |
| **Временска рамка:**<br>октомври – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектори А, Б и В, ОУРЧР | **Соработува:** |
| **Забелешка:** / | | |
| **Активност 4:** Донесување правилници и упатства за доуредување на одредени области од безбедноста на класифицираните информации со цел унапредување и усогласување на подзаконските акти | | |
| **Временска рамка:**<br>октомври – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектори А, Б и В, Сектор А/III | **Соработува:** |
| **Забелешка:** / | | |
| **Активност 5:** Изработка на листата на архивски знаци за распоредување на актите во ДБКИ за наредната година | | |
| **Временска рамка:**<br>октомври – ноември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А | **Соработува:**<br>Сектори Б и В |
| **Забелешка:** / | | |

| **Цел 3: Успешен менаџмент со човечките ресурси во Дирекцијата во согласност со Законот за административни службеници и со Законот за вработените во јавен сектор** | | |
|---|---|---|
| АКТИВНОСТИ: | | |
| **Активност 1:** Донесување нови интерни акти за систематизација и за внатрешна организација на Дирекцијата | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>**ОУРЧР** | **Соработува:**<br>Сектори А, Б и В, МИОА, МФ, Инспекциски совет на РМ |
| **Забелешка:** / | | |
| **Активност 2:** Изработување документи и материјали што се однесуваат на кадровски прашања | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>**ОУРЧР** | **Соработува:**<br>ОФП |
| **Забелешка:** Водење персонални досиеја, изработка на решенија, пријави/одјави во ФЗО и ПИОМ и други органи, план за годишни одмори, работни листи и друг вид на евиденциски листи за вработените. | | |
| **Активност 3:** Изработување документи и материјали сврзани со обврските што произлегуваат од Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавен сектор | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>**ОУРЧР** | **Соработува:**<br>МИОА, АА, ФЗО |
| **Забелешка:** Изработување годишен план за вработување и известувања за реализација на планот, активности поврзани со унапредувања, распоредувања и друго поврзано со Правилникот за систематизација, како и спроведување на процесот за оценување на ефектот на вработените. | | |
| **Активност 4:** Изработка на акти за номинација на учесници на обуки и водење евиденција за истите и вршење обуки | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>**ОУРЧР** | **Соработува:**<br>Сектори А, Б и В |
| **Забелешка:** Подготовка на Годишната програма за обуки, евиденција, прибирање и комплетирање на податоците и на целосниот материјал од посетените обуки од страна на државните службеници , изработка на акти за номинација на учесници на обуки, вршење обуки на вработените за користење на апликацијата за Микроучење и за СУУ, развој на други курсеви. | | |
| **Активност 5:** Изработка на акти за правична застапеност на заедниците во институцијата | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>**ОУРЧР** | **Соработува:**<br>Сектори А, Б и В |
| **Забелешка:** Подготовка на Годишна програма за вработување и правична застапеност на државните службеници, ажурирање податоци за правична застапеност на припадниците на заедниците за потребите на Народниот правобранител и други државни органи. | | |
| **Активност 6:** Изработка на годишен извештај за изречени мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари 2018 година | **Главен носител/и:**<br>**ОУРЧР** | **Соработува:**<br>/ |
| **Забелешка:** / | | |
| **Активност 7:** Внесување податоци во системот на HRMIS | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари - декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>**ОУРЧР** | **Соработува:**<br>**Сектор А, Б, В, МИОА** |
| **Забелешка:** Во согласност со обврските произлезени од МИОА кои се однесуваат на континуирано внесување податоци за државните службеници во интегрирана електронска база на податоци воспоставена на државно ниво | | |
| **Активност 8:** Имплементирање на CAF моделот | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Временска рамка:**<br>јануари - декември  2018 година | **Главен носител/и:**<br>**ОУРЧР** | **Соработува:**<br>**Сектор А, Б, В, МИОА** |
| **Забелешка:** / | | |
| **Цел 4:  Навремено спроведување на обврските што произлегуваат од други закони** | | |
| АКТИВНОСТИ: | | |
| **Активност 1:**   Посредување со правото за слободен пристап до информации од јавен карактер по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер на ДБКИ | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември  2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А/II | **Соработува:** |
| **Забелешка:** Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | | |
| **Активност 2:**   Изработка на Годишен извештај за посредување со информации од јавен карактер | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А/II | **Соработува:** |
| **Забелешка:** Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | | |
| **Активност 3:**   Редовно ажурирање на web-страницата на ДБКИ (во однос на поставените текстови) | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември  2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А/II | **Соработува:** |
| **Забелешка:** / | | |
| **Активност 4:**   Исполнување на обврските во однос на заштитата на збирките лични податоци | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А/II | **Соработува:** |
| **Забелешка:** Согласно Законот за заштита на лични податоци. | | |
| **Активност 5:** Изработка на извештаи за податоците што се однесуваат на постапувањето по претставки и предлози | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А/I | **Соработува:** |
| **Забелешка:** / | | |
| **Активност 6:** Исполнување на обврските што произлегуваат од Законот за укажувачи | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување во ДБКИ | **Соработува:** |
| **Забелешка:** / | | |

| |
|---|
| II. БЕЗБЕДНОСНИ АСПЕКТИ НА КЛАСИФИЦИРАНИТЕ ИНФОРМАЦИИ<br>**(Административна безбедност, физичка безбедност, безбедност на лица корисници на класифицирани информации, индустриска безбедност, информатичка безбедност)** |
| **Цел 1: Доследно применување на мерките и активностите за административна безбедност на класифицирани информации** |
| АКТИВНОСТИ: |

<table>
<tr><td colspan="3">Активност 1: Прием и дисеминација на НАТО и ЕУ документи</td></tr>
<tr><td>Временска рамка:<br>јануари – декември 2018 година</td><td>Главен носител/и:<br>Сектор Б/I</td><td>Соработува:<br>Сектор В/II, регистри и контролни точки за класифицирани информации</td></tr>
<tr><td colspan="3">Забелешка: Вклучувајќи нивна евиденција, обработка, распространување, чување, дистрибуција до крајните корисници и уништување, пропратено со изработка на соодветна документација .</td></tr>
<tr><td colspan="3">Активност 2: Преглед и одбир на архивската граѓа и документарниот материјал за 2015 година.</td></tr>
<tr><td>Временска рамка:<br>март – декември 2018 година</td><td>Главен носител/и:<br>Сектор Б/I</td><td>Соработува:<br>Регистри и контролни точки за класифицирани информации</td></tr>
<tr><td colspan="3">Забелешка: Одделението за странски класифицирани информации ќе дава стручна помош во текот на реализацијата на оваа активност во регистрите и во контролните точки за класифицирани информации.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Цел 2: Одржување на воспоставените стандарди за физичка безбедност во Дирекцијата и нивно соодветно надградување, како и одржување и унапредување на безбедносните стандарди во институциите и во приватните компании каде што се ракува со класифицирани информации.</td></tr>
<tr><td colspan="3">АКТИВНОСТИ:</td></tr>
<tr><td colspan="3">Активност 1: Изработка на процената на безбедносниот ризик по безбедноста на КИ во ДБКИ</td></tr>
<tr><td>Временска рамка:<br>јануари – декември 2018 година</td><td>Главен носител/и:<br>Сектор В/II</td><td>Соработува:<br>Сектор Б, Сектор В/I</td></tr>
<tr><td colspan="3">Забелешка: /</td></tr>
<tr><td colspan="3">Активност 2: Редовна контрола на електронските уреди и безбедносната опрема наменети за физичко обезбедување во објектите на Дирекцијата</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td>Временска рамка:<br>јануари – декември 2018 година</td><td>Главен носител/и:<br>Сектор В/II</td><td>Соработува:<br>Сектор В/I и Димал</td></tr>
<tr><td colspan="3">Забелешка: /</td></tr>
<tr><td colspan="3">Активност 3: Спроведување на процедурите за контрола на влез и излез на лица и возила во Дирекцијата</td></tr>
<tr><td>Временска рамка:<br>јануари – декември 2018 година</td><td>Главен носител/и:<br>Сектор В/II</td><td>Соработува:<br>ОУРЧР</td></tr>
<tr><td colspan="3">Забелешка: Вклучувајќи преглед на состојбите во системот за контрола на пристап со цел изработување на работната листа за редовност на вработените во Дирекцијата.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Активност 4: Тековна координација со МО/АРМ и МВР за активностите од доменот на работата на Одделението за физичка безбедност на класифицирани информации</td></tr>
<tr><td>Временска рамка:<br>јануари – декември 2018 година</td><td>Главен носител/и:<br>Сектор В/II</td><td>Соработува:<br>МО/АРМ и МВР</td></tr>
<tr><td colspan="3">Забелешка: /</td></tr>
<tr><td colspan="3">Активност 5: Контрола на исполнетоста на минималните безбедносни стандарди за чување на класифициран информации во државните органи и приватните компании, кои ракуваат со класифициран информации</td></tr>
<tr><td>Временска рамка:<br>јануари – декември 2018 година</td><td>Главен носител/и:<br>Сектор В/II</td><td>Соработува:<br>Сектор Б/III</td></tr>
<tr><td colspan="3">Забелешка: /</td></tr>
<tr><td colspan="3">Активност 6: Соработка и асистенција на одделението за вршење на инспекциски надзор при спроведувањето на стручните надзори во органите кои ракуваат со класифициран информации</td></tr>
<tr><td>Временска рамка:</td><td>Главен носител/и:</td><td>Соработува:</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| јануари – декември 2018 година | Сектор В/II | Сектор А/III |
| **Забелешка:** / | | |
| **Цел 3: Доследно применување на мерките и активностите за безбедност на лица корисници на класифицирани информации (вклучувајќи физички и правни лица)** | | |
| АКТИВНОСТИ: | | |
| **Активност 1:** Прием и обработка на барања за вршење безбедносни оперативни проверки | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор Б/II | **Соработува:**<br>МВР/УБК, МО/С-СВБиР |
| **Забелешка:** Координации за навремено и законско завршување на процедурите за безбедносни проверки. | | |
| **Активност 2:** Издавање безбедносни сертификати за физички лица , како и дозволи за пристап до класифицирани информации за странски државјани што бараат пристап до национални класифицирани информации | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор Б/II | **Соработува:**<br>МВР/УБК, МО/С-СВБиР |
| **Забелешка:** Вклучувајќи увид во документите од оперативните безбедносни проверки при одлучување за издавање на безбедносни сертификати, а воедно и редовно брифирање и ребрифирање на лицата коишто добиваат, односно поседуваат безбедносен сертификат | | |
| **Активност 3:** Редовно брифирање и обука од областа на персоналната безбедност на овластените лица во министерства, државните органи и институции | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор Б/II | **Соработува:**<br>Сектор В |

| | | |
|---|---|---|
| **Забелешка:** Брифирањето и обуката се вршат по посебен план. Истите можат да бидат реализирани и на барање или по непосредно укажана потреба . | | |
| **Цел 4: Унапредување на индустриската безбедност на класифицирани информации** | | |
| АКТИВНОСТИ: | | |
| **Активност 1:** Контролата на исполнетост на минималните безбедносни стандарди за ракување со класифицирани информации во државните органи и во приватните компании што учествуваат на класифицирани тендери и во реализација на класифицирани национални и меѓународни договори | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор Б/III | **Соработува:**<br>Сектор В |
| **Забелешка:** Контролите се вршат на правните лица за исполнување на условите за добивање на безбедносен сертификат за учество во класифицирани проекти. Притоа се даваат или изработуваат мислења за безбедносните аранжмани при склучување класифицирани договори. | | |
| **Активност 2:** Издавање безбедносни сертификати за правни лица, како и дозволи за пристап до класифицирани информации за странски правни лица што бараат пристап до национални класифицирани информации | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор Б/III | **Соработува:**<br>МВР/УБК |
| **Забелешка:** Редовно брифирање и ребрифирање на овластените лица во правните лица коишто добиваат, односно поседуваат безбедносен сертификат за физички и правни лица. | | |
| **Активност 3:** Учество при подготовката на постапката за објавување класифицирани тендери на државните органи и на јавните претпријатија и во процедурите предвидени во тендерските услови | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор Б/ III | **Соработува:** |

| | | |
|---|---|---|
| **Забелешка:** Зајакнување на улогата на Дирекцијата како национален авторитет за индустриската безбедност на класифицирани информации. | | |
| **Цел 5: Подигање на стандардите и безбедносната свест кај корисниците на информатички системи низ коишто се процесираат класифицирани информации** | | |
| АКТИВНОСТИ: | | |
| **Активност 1:** Предводење со работата на меѓуинституционалната работна група за изработка на новата Уредба за криптозаштита | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор В | **Соработува:**<br>МВР, МО/ГШ, ЦУК, МНР, АР, МИОА |
| **Забелешка:** Скрининг на состојбите кај субјектите носители на националната криптозаштита, подготовка на текст за криптозаштита и подготовка на информација пред ВРМ. | | |
| **Активност 2:** Безбедносна акредитација на постојни КИС во државните органи каде што се процесираат КИ | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А/III | **Соработува:**<br>МО/ГШ, МВР, ЦУК |
| **Забелешка:** Безбедносна акредитација на КИС во ГШ на АРМ, МВР, НБРМ, Секретаријат за законодавство и паралелна изработка на препорачана листа за хардверска опрема и софтвер што ќе можат да се користат во националните класифицирани комуникациско-информатички системи за процесирање на класифицирани информации, како и изработка на регистар на акредитирани КИС во коишто се процесираат класифицирани информации. | | |
| **Активност 3:** Набавка на опрема за зонирање на објекти во коишто се процесираат класифицирани информации во комуникациско-информатички системи, како и заштитна комора за тестирање на комуникациско-информатички средства во кои треба да се процесираат класифицирани информации. | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А/III | **Соработува:**<br>Влада на РМ |

| | | |
|---|---|---|
| **Забелешка:** Со ова би се придонело во унапредување и подигање на степенот на безбедност на класифицираните информации во сите државни институции во Република Македонија. | | |
| **Активност 4:** Постојана координација со корисниците на класифицирани информации за активностите од доменот на работата на Одделението за безбедносна акредитација на КИС и комуникациско-информатичка поддршка | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – април 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А/III | **Соработува:**<br>Корисници на класифицирани информации |
| **Забелешка:** Справување со секојдневните предизвици во наскока на подобрување на безбедносните мерки и процедури за безбедност при процесирање на класифицирани информации во КИС. | | |
| **Активност 5:** Учество во меѓуинституционални работни групи за креирање на Националната стратегија за сајбер безбедност на Република Македонија, акциони планови и методологии за процена на ризици | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декмври 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А/III | **Соработува:**<br>МИОА |
| **Забелешка:** Дирекцијата со директно учество во изработка на Националната стратегија за сајбер безбедност на Република Македонија преку дадени насоки за сајбер безбедноста на класифицираните информации би се придонело во подигање на безбедноста на истите кои се пренесуваат во сајбер просторот. | | |
| **Активност 6:** Подигање на нивото на свест за сајбер безбедност кај корисниците на класифицирани информации | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декмври 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А/III | **Соработува:**<br>Министерство за информатичко општество |
| **Забелешка:** Дирекцијата со директно учество во изработка на Националната стратегија за сајбер безбедност на Република Македонија преку дадени насоки за сајбер безбедноста на класифицираните информации би се придонело во подигање на безбедноста на истите кои се пренесуваат во сајбер просторот. | | |

| III. ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР | | |
|---|---|---|
| **Цел 1: Целосна усогласеност на Законот за инспекциски надзор и Законот за класифицирани информации** | | |
| АКТИВНОСТИ: | | |
| **Активност 1:** Изработка на Годишна програма за инспекциски надзор, квартални планови за инспекциски надзор, Годишна програма за обука на инспекторите за класифицирани информации и редовни генерички извештаи согласно Законот за инспекциски надзор | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – април 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А/III | **Соработува:**<br>Инспекциски совет на РМ |
| **Забелешка:** Од 2016 година, Дирекцијата, преку свои овластени инспектори врши инспекциски надзор за спроведување на одредбите од Законот за класифицирани информации, односно на исполнетост на условите за ракување со класифицирани информации во државните органи и органите на државна управа, правосудните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите од значење за заштитата, користењето и меѓународната размена на класифицираните информации и други правни и физички лица. | | |
| **Активност 2:** Вршење вонреден инспекциски надзор | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А/III | **Соработува:**<br>Со институцијата која пријавила прекршување на ЗКИ |
| **Забелешка:** По појавена потреба, претставки и вонредни дојави за прекршување на безбедност на класифицирани информации ќе се врши вонреден инспекциски надзор. | | |

| IV. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ | | |
|---|---|---|
| **Цел 1: Кадровско пополнување на единицата за финансиско работење и создавање услови за исполнување на обврските од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола** | | |
| АКТИВНОСТИ: | | |
| **Активност 1:** Кадровско пополнување на раководната позиција во Одделението за финансиски прашања | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>ОФП | **Соработува:**<br>ОУРЧР<br>Сектор А/I, МФ, Секретаријат за Рамковен договор |
| **Забелешка:** Согласно обврските што произлегуваат од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и од заклучоците на седниците на Владата. | | |
| **Активност 2:** Соодветна обука на вработените вклучени во процесите за финансиско управување и контрола и изработка на потребната документација согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>ОФП | **Соработува:**<br>МФ |
| **Забелешка:** Неопходна е континуирана обука на вработените во Одделението за финансиски прашања. | | |
| **Цел 2: Успешно спроведување на финансиската политика за функционирање на Дирекцијата согласно важечката национална регулатива** | | |
| АКТИВНОСТИ: | | |
| **Активност 1:** Изработување документи и материјали што се однесуваат на финансиските прашања | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>ОФП | **Соработува:**<br>Сектор А/I |
| **Забелешка:** Изработување планови и програми за буџетирање, извештаи за реализација на буџетот, статистички извештаи, план за јавни набавки и извештај за неговата реализација, како и други документи сврзани со материјално-финансиското работење на Дирекцијата. | | |
| **Активност 2:** Континуирано следење на прописите сврзани со финансиските прашања | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>ОФП | **Соработува:**<br>Сектор А/I |
| **Забелешка:** Вклучувајќи и учество на обуки и курсеви од доменот на финансиското работење. | | |

| | | |
|---|---|---|
| V. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА | | |
| **Цел 1: Остварување непосредна соработка со надлежните служби на меѓународни организации и со националните безбедносни авторитети на странски земји на билатерална основа со цел создавање правна основа за соработка во чувствителни области сврзани со безбедноста и одбраната** | | |
| АКТИВНОСТИ: | | |
| **Активност 1:** Комуникација со надлежните служби на НАТО и на ЕУ во насока на остварување блиска соработка за одржување висок квалитет и континуитет во спроведувањето на безбедносната политика на НАТО/ЕУ и на националните безбедносни стандарди | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А/II | **Соработува:**<br>МНР, МО |
| **Забелешка:** Соработката со НАТО вклучува активности сврзани со тековните случувања во доменот на безбедноста и заштитата на класифицираните информации, обуки и иницијатива за склучување Административни аранжмани меѓу Република Македонија и НАТО. Соработката со ЕУ вклучува повеќе активности сврзани со иницијативата за влегување во договорна соработка со Европската | | |

| | | |
|---|---|---|
| агенција за одбрана (EDA), со иницијативата за дополнување на Безбедносните аранжмани со ЕУ, како и со учеството на вработени од Дирекцијата во обуки организирани и поддржани од програмите и инструментите на ЕУ. Притоа посебен акцент е ставен на учеството во програмата за обука за Заедничка безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) на ЕУ наменета за земјите од Југоисточен Балкан. | | |
| **Активност 2:** Билатерални преговори за склучување билатерални спогодби на владино ниво со други држави во доменот на размената и заштитата на класифицираните информации<br>- со Црна Гора, Белгија, Израел, Португалија | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А/II | **Соработува:**<br>МНР, МО, МВР |
| **Забелешка:** / | | |
| **Активност 3:** Склучување билатерални спогодби за размена и заемна заштита на класифицирани информации на ниво на Влада преку дејствувањето на делегацијата на Владата на Република Македонија за преговори за склучување билатерални спогодби од доменот на заштитата на класифицираните информации<br>- со Австрија, САД, Луксембург | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А/II | **Соработува:**<br>МНР, МО, МВР |
| **Забелешка:** За потпишување на спогодбата со Австрија се чека официјален одговор од австриската страна. За продолжување на процедурата со текстот на спогодбата со САД се чека официјален одговор од Вашингтон, а текстот на спогодбата со Луксембург е во фаза на одобрување. | | |
| **Активност 4:** Покренување иницијативи за влегување во договорна соработка со други држави | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А/II | **Соработува:**<br>МНР, МО, МВР |

| | | |
|---|---|---|
| **Забелешка:** По утврден интерес на Република Македонија или по укажана потреба од други државни органи и правни лица во земјата за договорна соработка со други држави во доменот на безбедноста на класифицираните информации. | | |
| **Активност 5:** Остварување поблиска соработка со националните безбедносни авторитети на други држави во рамките на одобрените студиски посети, експертски мисии и работилници од страна на Европската комисија, со поддршка на TAIEX инструментот | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А/II | **Соработува:**<br>Сектори А, Б и В, ОУРЧР |
| **Забелешка:** Одобрени се вкупно шест активности од кои една работилница, една експертска мисија и четири студиски посети. | | |
| **Активност 6:** Унапредување на соработката со Канцеларијата на ОБСЕ во Скопје | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А/II | **Соработува:**<br>Сектори А, Б и В |
| **Забелешка:** Со акцент на активностите во насока на изработка на компаративна и аналитичка процена на Законот за класифицирани информации. | | |
| **Цел 2: Континуирано развивање на меѓународната соработка во доменот на класифицираните информации преку активно учество во мултилатерални, билатерални и регионални иницијативи за соработка** | | |
| АКТИВНОСТИ: | | |
| **Активност 1:** Активно учество во воспоставениот форум за соработка меѓу националните безбедносни авторитети на земјите од Југоисточна Европа (SEENSA) | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А/II | **Соработува:**<br>Сектори А, Б и В |
| **Забелешка:** Активниот ангажман во форумот ќе продолжи преку учеството на годишната конференција на раководителите на националните безбедносни авторитети од регионот (што треба да се одржи во мај –септември 2018 година во Словенија) и на работните состаноци на експертите за безбедност на класифицирани информации во SEENSA формат. | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Активност 2:** Активна учество во иницијативата за соработка на националните безбедносни авторитети на шест држави од поранешна Југославија 6S (6 States) | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А/II | **Соработува:**<br>Сектори А, Б и В |
| **Забелешка:** Во текот на годината се предвидува учество на директорска средба и две работилници, од коишто едната е планирано да се одржи во Република Македонија. | | |
| **Активност 3:** Интензивирање на соработката со националните безбедносни авторитети на земјите членки на Мултинационалната работна група за индустриска безбедност (MISWG) со цел следење на тековните трендови во доменот на индустриската безбедност | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А/II | **Соработува:**<br>Сектори А, Б и В |
| **Забелешка:** Планирано е учество на годишната MISWG конференција и во ад-хок работната група за FOCI – Странска сопственост, контрола или влијание во компаниите (MISWG AHWG 10) во насока на прибирање компаративни искуства за идни законски решенија што ја допираат оваа материја. | | |

| |
|---|
| **VI. МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА И ОБУКИ** |
| **Цел 1:** Остварување високо ниво на меѓуинституционална соработка насочена кон изработка на документи од стратегиско значење за интеграцијата на Република Македонија во НАТО и во ЕУ, како и во националните проекти насочени кон изработка на нова и кон усогласување на постојната законската регулатива |
| **АКТИВНОСТИ:** |
| **Активност 1:** Континуиран придонес кон работата на Комитетот за интеграција на Република Македонија во НАТО и експертската работна група за изработка на Годишната национална програма за членство на Република Македонија во НАТО |

| | | |
|---|---|---|
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А /II | **Соработува:**<br>МНР |
| **Забелешка:** / | | |
| **Активност 2:** Континуиран придонес кон работата на Работната група за заедничка, безбедносна и одбранбена политика (РГ-НБОП) за изработка на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А /II | **Соработува:**<br>МНР |
| **Забелешка:** / | | |
| **Активност 3:** Учество во национални меѓуинституционални проекти на експертско ниво и работни координативни групи за унапредување и усогласување на легислативата заради јакнење на институционалните капацитети. | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А /II | **Соработува:** |
| **Забелешка:** / | | |
| **Цел 2: Исполнување на законската обврска за обука на корисниците на класифицирани информации преку преземање активности за обучување на вработените во Дирекцијата и за обучување на корисниците на класифицирани информации во државните органи и институции, јавни претпријатија и други правни лица во земјата.** | | |
| АКТИВНОСТИ: | | |
| **Активност 1:** Стручно усовршување на вработените во Дирекцијата преку учество во активности организирани од страна на државни органи и институции од земјата и преку учество во програми за обуки координирани од други министерства | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:** | **Соработува:**<br>МИОА, МО, СЕП/ВРМ |

| | | |
|---|---|---|
| | Одделение за управување и развој на човечки ресурси  и Сектор А /II | |
| **Забелешка:** Акцентот е ставен на обуки организирани од страна на МИОА, обуки во рамките на Индивидуалната програма за партнерство и соработка (ИППС) координирана од страна на МО, обуки од Академскиот календар на Европскиот центар за безбедносни студии „Џорџ С. Маршал“ во Гармиш-Партненкирхен, Германија, во координација и со поддршка на Канцеларија за соработка во одбраната на Американската амбасада во Скопје, обуки со поддршка на инструментот на Европската комисија TAIEX, координирана од страна на СЕП, како и на специјализирани обуки од областа на безбедноста, за јавни набавки, за сметководство, криптозаштита итн. | | |
| **Активност 2:**  Советување со службите кои извршуваат оперативни безбедносни проверки за издавање на безбедносен сертификат по барање на ДБКИ | | |
| **Временска рамка:**<br>февруари – мај 2018 година | **Главен носител/и:**<br>ДБКИ | **Соработува:**<br>МВР/УБК, МО/СВСБиР |
| **Забелешка:** Советувањето ќе се  одржи со цел да се усогласат и унапредат процедурите за извршување на оперативни безбедносни проверки за оцена безбедносен ризик за лицата за кои се поднесени барања за издавање на безбедносен сертификат. | | |
| **Активност 3:**  Работилница на тема „Чувствителни информации во доменот на бизнисот, банкарството, ревизијата – законски решенија и практики“ | | |
| **Временска рамка:**<br>март 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А | **Соработува:**<br>Сектори Б и В |
| **Забелешка:** Поддржана од TAIEX инструментот на Европската комисија. | | |
| **Активност 4:**  Регионална 6S работилница на тема „ Процена на безбедносен ризик“ | | |
| **Временска рамка:**<br>Втора половина на 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А/II | **Соработува:**<br>Сектори Б и В |

| | | |
|---|---|---|
| **Забелешка:** Работилницата ќе биде наменета за слушатели од националните безбедносни авторитети на шесте држави од поранешна Југославија што учествуваат во регионалната иницијатива за соработка 6S. За организација на работилницата ќе биде побарана поддршка преку TAIEX инструментот на Европската комисија. | | |
| **Активност 5: Обучување на корисниците на класифицирани информации од сите области на заштитата и безбедноста на класифицираните информации** | | |
| **Временска рамка:**<br>јануари – декември 2018 година | **Главен носител/и:**<br>Сектор А | **Соработува:**<br>Сектори Б и В |
| **Забелешка:** Обуките ќе се организираат на барање на корисниците на класифицирани информации и по утврдена потреба, преку организирани групни и поединечни предавања и преку давање советодавна помош. Воедно, ќе се вршат и редовни обуки за подготовка на лицата коишто заминуваат на служба во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во странство. | | |

КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ:

- **АА** – Агенција за администрација;
- **АР** – Агенција за разузнавање;
- **ВРМ** – Влада на Република Македонија;
- **ГНПЧ** – Годишна национална програма за членство на Република Македонија во НАТО;
- **ГШ на АРМ** – Генералштаб на Армијата на Република Македонија;
- **ДБКИ** – Дирекција за безбедност на класифицирани информации;
- **КИ** – Класифицирани информации;
- **КИС** – Комуникациско-информатички системи;
- **КЗ** – Криптозаштита;
- **МВР** – Министерство за внатрешни работи;
- **МИОА** – Министерство за информатичко општество и администрација;
- **МНР** – Министерство за надворешни работи;
- **МО** – Министерство за одбрана;
- **МФ** – Министерство за финансии;
- **НПАА** – Национална програма за усвојување на Правото на ЕУ – Acquis;
- **ОФП** – Одделение за финансиски прашања;
- **ОУРЧР** – Одделение за управување и развој на човечки ресурси;
- **SEENSA** – Национални безбедносни авторитети на земјите од Југоисточна Европа (South Eastern Europe National Security Authorities);
- **Сектор А** – Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, за меѓународна соработка и за инспекциски надзор;
- **Сектор А/I** – Одделение за општи и нормативно-правни работи во Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, за меѓународна соработка и за инспекциски надзор;

- **Сектор А/II** – Одделение за меѓународна соработка во Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, за меѓународна соработка и за инспекциски надзор;
- **Сектор А/III** – Одделение за инспекциски надзор на безбедност на класифицирани информации во Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, за меѓународна соработка и за инспекциски надзор;
- **Сектор А/IV** – Одделение за поддршка на работата на директорот и протокол во Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, за меѓународна соработка и за инспекциски надзор;
- **Сектор Б** – Сектор за административна, персонална и за индустриска безбедност на класифицирани информации
- **Сектор Б/I** – Одделение за странски класифицирани информации во Сектор за административна, персонална и за индустриска безбедност на класифицирани информации;
- **Сектор Б/II** – Одделение за персонална безбедност во Сектор за административна, персонална и за индустриска безбедност на класифицирани информации;
- **Сектор Б/III** – Одделение за индустриска безбедност во Сектор за административна, персонална и за индустриска безбедност на класифицирани информации;
- **Сектор В** – Сектор за информатичка и физичка безбедност
- **Сектор В/I** – Одделение за безбедносна акредитација на комуникациско информатички системи и за комуникациско-информатичка поддршка во Сектор за информатичка и физичка безбедност;
- **Сектор В/II** – Одделение за физичка безбедност во Сектор за информатичка и физичка безбедност;
- **СЕП** – Систем за електронски пренос;
- **СЕП/ВРМ** – Секретаријат за европски прашања при Владата на Република Македонија;
- **С-СВБиР** – Сектор-служба за воена безбедност и разузнавање;
- **УБК** – Управа за безбедност и контраразузнавање;
- **ФЗО** – Фонд за здравствено осигурување.